Република Северна Македонија
Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

# Програма за работа
# на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

## за 2022 година

февруари, 2022 година

# Содржина

Кратенки ........ 3
Вовед ........ 5
Активности на МАПАС ........ 6
Стратегиска цел 1 - Цел 1.1 ........ 6
Стратегиска цел 1 - Цел 1.2 ........ 7
Стратегиска цел 1 - Цел 1.3 ........ 7
Стратегиска цел 1 - Цел 1.4 ........ 8
Стратегиска цел 2 – Цел 2.1 ........ 9
Стратегиска цел 2 – Цел 2.2 ........ 10
Стратегиска цел 2 – Цел 2.3 ........ 11
Стратегиска цел 2 – Цел 2.4 ........ 12
Стратегиска цел 2 – Цел 2.5 ........ 13
Стратегиска цел 2 – Цел 2.6 ........ 14
Стратегиска цел 2 – Цел 2.7 ........ 14
Стратегиска цел 3 – Цел 3.1 ........ 15
Стратегиска цел 3 – Цел 3.2 ........ 15
Стратегиска цел 3 – Цел 3.3 ........ 16
Стратегиска цел 3 – Цел 3.4 ........ 17
Стратегиска цел 3 – Цел 3.5 ........ 17
Предвидени средства за реализација на активностите на МАПАС ........ 19
Завршна одредба ........ 19

# Кратенки

***АСО*** *- Агенцијата за супервизија на осигурување*
***БДП*** *– бруто домашен производ*
***Втор столб*** *– задолжително капитално финансирано пензиско осигурување*
***ДПФ*** *- доброволни пензиски фондови*
***ЕУ*** *– Европска Унија*
***ЕК*** *– Европска комисија*
***ЗПФ*** *- задолжителни пензиски фондови*
***ИОПС*** *– Меѓународна организација на пензиски супервизори (International Organisation of Pension Supervisors)*
***КХВ*** *- Комисијата за хартии од вредност*
***МАПАС*** *– Агенција за супервизија на капитално финанирано пензиско осигурување*
***МИОА*** *- Министерство за информатичко општество и администрација*
***ММФ*** *– Меѓународен монетарен фонд*
***МТСП*** *– Министерство за труд и социјална политика*
***МФ*** *– Министерство за финансии*
***НБРСМ*** *– Народна банка на Република Северна Македонија*
***ОЕЦД*** *- Организација за економска соработка и развој (Organisation for Economic Co-operation and Development)*
***ОЕЦД - ИНФЕ*** *- Организацијата за економска соработка и развој - Меѓународна мрежа за финансиска едукација*
***Прв столб*** *– задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност*
***СБ*** *- Светска банка*
***СИПА проект*** *– Проект на СБ за унифициран централен регистер и систем за регистрација на податоци од социјално и пензиско осигурување*
***ТАИЕКС инструмент*** *– Инструмент на ЕУ за Техничка помош за размена на информации*
***Трет столб*** *–доброволно капитално финансирано пензиско осигурување*
***УЈП*** *- Управа за јавни приходи*
***Фондот на ПИОСМ*** *- Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија*
***ФСАП*** *–Програма за процена на финансискиот сектор (Financial Sector Assessment Program)*

***Кратенки на организационите единици во МАПАС***

***ВР*** *- Внатрешна ревизија*
***ГСП*** *- Група за стратегиско планирање*
***ГФА*** *- Група за функционална анализа*
***КВП*** *– Комисија за верификација на прашања*
***ККKР*** *- Комисија за контола на квалитет на разговори*
***КОР*** *– Комитет за оценка на ризици*
***КУЛП*** *- Комисија за уништување на лични податоци*
***ОЕ*** *– Организациона единица*
***ОЗЛП*** *- Офицер за заштита на лични податоци*
***ОИ*** *- Отсек за информатика*
***ОЛПИУ*** *– Одговорно лице за проверка на исполнетост на условите*
***ООЈС*** *- Отсек за односи со јавност и стандардизација*
***СИК*** *- Сектор за институционална контрола*
***СИМС*** *- Сектор за истражување и меѓуинституционална соработка*

***СПР*** *- Сектор за правни  работи*
***СФАР*** *- Сектор за финансиско административни работи*
***СФК*** *- Сектор за финансиска контрола*
***ПВПИА*** *- Претставници за време на полагање на испит за агенти*

# Вовед

Програмата за работа на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: МАПАС) за 2022 година содржи активности, согласно член 47 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, за остварување на стратегиските цели утврдени во Стратегискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за периодот 2021 – 2025 година, донесен во април 2021 година.

Програмата за работа има за цел да обезбеди остварување на трите стратегиски цели на МАПАС и опфаќа 95 активности од областите - супервизија, оценка на ризици, оценка на ризици за финансиска стабилност, регулатива, лиценцирање и одобрување, статистичка анализа, истражување, информациска технологија, дигитализирање, односи со јавност, едукација, грижа за членови и заштита на потрошувачи, грижа за пензионирани членови, агенти, соработка и членување во здруженија, проекти, ЕУ, управување со оперативни ризици, човечки ресурси, заштита на лични податоци, финансиско управување, внатрешна организација и планирање, општествена одговорност и внатрешна ревизија.

# Активности на МАПАС

## *Стратегиска цел 1 - Цел 1.1*

| | |
|---|---|
| **Стратегиска цел 1** | **Обезбедување на управување со ризиците кои им се закануваат на средствата и на пензиите и на пензиските надоместоци на членовите на пензиските фондови, како и на угледот на системот, и сведување на истите на најниско можно ниво** |
| **Цел 1.1** | Создавање на услови за постигнување максимални стапки на принос на долг рок со минимален ризик, преку промовирање на висококвалитетни процеси за управување со инвестициски портфолија |

### Област: Супервизија

1. Вонтеренска супервизија на пензиски фондови и чувари на имот
2. Теренска супервизија на пензиски фондови - Супервизијата се врши врз основа на оценка на ризици и генерално ги опфаќа следните области:
    - Управување и надзор на друштвото;
    - Финансиски ризици;
    - Оперативни ризици;
    - Ризици поврзани со надоместоци на друштва;
    - Ризици поврзани со податоци на членовите;
    - Ризици за исплата на средства и
    - Ризици поврзани со разбирањето и со свеста на јавноста
3. Теренска супервизија на чуварите на имот на пензиските фондови – Супервизијата се врши врз основа на оценка на ризици и генерално ги опфаќа следните области:
    - Организациска и техничка поставеност на чуварот на имот
    - Пресметки на нето-средствата и на сметководствената единица на пензиските фондови;
    - Чување и евиденција на средствата на пензиските фондови;
    - Следење на ограничувањата при инвестирањето на средствата на пензиските фондови и нивна усогласеност со законската и со подзаконската регулатива;
    - Следење и известување за корпоративни настани и
    - Постапување по препораки од претходната теренска контрола.

Носители: СФК, СИК
Соработници: СИМС, ОИ, СПР

## *Стратегиска цел 1 - Цел 1.2*

| | |
|---|---|
| Стратегиска цел 1 | **Обезбедување на управување со ризиците кои им се закануваат на средствата и на пензиите и на пензиските надоместоци на членовите на пензиските фондови, како и на угледот на системот, и сведување на истите на најниско можно ниво** |
| **Цел 1.2** | Промовирање на висококвалитетно корпоративно управување и управување со ризици во пензиските друштва за да обезбеди минимизирање на ризиците |

### Област: Супервизија

1. Вонтеренска супервизија на пензиски друштва
2. Теренска супервизија на пензиски друштва - Супервизијата се врши врз основа на оценка на ризици и ќе ги опфати следните области:
    - Управување и надзор на друштвото;
    - Финансиски ризици;
    - Оперативни ризици;
    - Ризици поврзани со надоместоци на друштва;
    - Ризици поврзани со податоци на членовите;
    - Ризици за исплата на средства и
    - Ризици поврзани со разбирањето и со свеста на јавноста
3. Теренска супервизија на деловни соработници на пензиските друштва

Носители: СФК, СИК
Соработници: СИМС, ОИ, СПР

## *Стратегиска цел 1 - Цел 1.3*

| | |
|---|---|
| Стратегиска цел 1 | **Обезбедување на управување со ризиците кои им се закануваат на средствата и на пензиите и на пензиските надоместоци на членовите на пензиските фондови, како и на угледот на системот, и сведување на истите на најниско можно ниво** |
| **Цел 1.3** | Работење на постојано намалување на влијанието кое го имаат надоместоците кои ги наплатуваат пензиските друштва на пензиите на членовите на пензиските фондови со тоа што ќе обезбеди надоместоците да бидат одраз на ефикасен систем на капитално финансирано пензиско осигурување |

### Област: Супервизија и истражување

1. Контрола на надоместоците што ги наплатуваат пензиските друштва и чуварите на имот
2. Следење и разгледување на трошоците во системот

Носители: СФК, СИК, СИМС

## *Стратегиска цел 1 - Цел 1.4*

| | |
|---|---|
| **Стратегиска цел 1** | **Обезбедување на управување со ризиците кои им се закануваат на средствата и на пензиите и на пензиските надоместоци на членовите на пензиските фондови, како и на угледот на системот, и сведување на истите на најниско можно ниво** |
| **Цел 1.4** | Подобрување и унапредување на рамката за вршење супервизија на пензиските друштва, пензиските фондови и чуварите на имот врз основа на направената оценка на ризиците во системот |

### Област: Оценка на ризици

1. Идентификување и оценка на ризиците и ревизија на ризиците во капитално финансираното пензиско осигурување
2. Обезбедување на насоченост на супервизијата кон ризиците во согласност со степенот на сериозност на ризиците

Носители: СФК, СИК, КОР
Соработници: СИМС, ОИ, СПР

### Област: Супервизија

3. Спроведување на интерни обуки од страна на вработените на теми поврзани со ризиците во системот
4. Поведување постапки за порамнување и барања за поведување прекршочни постапки

Носители: СФК, СИК, КОР

## *Стратегиска цел 2 – Цел 2.1*

| | |
|---|---|
| **Стратегиска цел 2** | **Унапредување и одржување на стабилно и транспарентно капитално финансирано пензиско осигурување што ја има поддршката на членството и јавноста** |
| **Цел 2.1** | Континуирано унапредување на стабилно капитално финансирано пензиско осигурување и обезбедување на услови за ефикасно работење на субјектите под супервизија |

### Област: Регулатива

1. Предлагање на измена на правни акти (закони и подзаконски акти) поврзани со областа на капитално финансирано пензиско осигурување.

Носители: СПР
Соработници: Останатите ОЕ

### Област: Лиценцирање и одобрување

2. Давање одобренија на барањата за измена на статути на пензиски друштва и пензиски фондови, членови на управни и надзорни одбори и други одговорни лица и документи согласно закон
3. Водење на регистар на задолжителни и доброволни пензиски фондови

Носители: СПР
Соработници: Останатите ОЕ

### Област: Истражување

4. Истражување и анализирање за теми што се релевантни за капитално финансираното пензиско осигурување
5. Истражувања за промените во пензиските системи во светот и споделување на резултатите со внатрешните и надворешните учесници и следење на супервизорски и регулаторни практики

Носители: СИМС
Соработници: Останатите ОЕ

### Област: Оценка на ризици за финансиска стабилност

6. Следење и анализирање на ризици, параметри и индикатори од капитално финансираното пензиско осигурување за финансиска стабилност и активно учествување во заедничките комитети на регулаторните институции од финансискиот сектор

Носители: Сите ОЕ

### Област: Дигитализирање

7. Учествување во заедничките активности на регулаторните институции од финансискиот сектор поврзани со развој на финтек-секторот
8. Активности за воведување на дигитални технологии за унапредување на регулаторната и супервизорската функција

Носители: Сите ОЕ

### Област: ЕУ

9. Активности поврзани со усогласување со правото (acquis) на ЕУ
10. Активности поврзани со напредокот на Република Северна Македонија од аспект на капитално финансирано пензиско осигурување

Носители: Овластени лица
Соработници: Останатите ОЕ

## *Стратегиска цел 2 – Цел 2.2*

| Стратегиска цел 2 | **Унапредување и одржување на стабилно и транспарентно капитално финансирано пензиско осигурување што ја има поддршката на членството и јавноста** |
|---|---|
| **Цел 2.2** | Креирање и промовирање на различни инвестициски портфолија врз основа на возраста на членовите на пензиските фондови и на сите можности кои ќе ги имаат членовите што, пак, ќе го овозможи воведувањето на мултифондови |

### Област: Истражување

1. Оценка на моментната подготвеност за воведување на мулти фондови од аспект на потребните организациски, човечки и технички капацитети

Носители: СФК, СИК, СПР, СИМС, ОИ
Соработници: Останатите ОЕ

### Област: Регулатива

2. Учествување во подготовката на законската регулатива поврзана со воведувањето на мултифондовите
3. Изготвување подзаконски акти за мултифондови

Носители: СФК, СИК, СПР, СИМС, ОИ
Соработници: Останатите ОЕ

### Област: Супервизија и информациска технологија

4. Надоградување и промена на интерните процеси и информацискиот систем на МАПАС заради воведувањето на мултифондовите

Носители: ОИ
Соработници: Останатите ОЕ

### Област: Човечки ресурси

5. Спроведување на обуки за начинот на функционирање на мултифондови

Носители: Сите ОЕ

### Област: Односи со јавност и едукација

6. Запознавање на јавноста со мултифондовите преку објави, соопштенија, рекламни материјали и сл.

Носители: ООЈС
Соработници: Останатите ОЕ

## *Стратегиска цел 2 – Цел 2.3*

| Стратегиска цел 2 | **Унапредување и одржување на стабилно и транспарентно капитално финансирано пензиско осигурување што ја има поддршката на членството и јавноста** |
|---|---|
| **Цел 2.3** | Континуирано обезбедување на транспарентност на капитално финансираното пензиско осугурување и објаснување на карактеристиките, можностите и предностите на капитално финансираното пензиско осигурување, на јасен и разбирлив начин за граѓаните |

### Област: Односи со јавност и едукација

1. Објавување и споделување на информации и податоци за учесниците, заинтересираните страни и поширока јавност
2. Спроведување активности за подигнување на свеста на јавноста за капитално финансираното пензиско осигурување

Носители: ООЈС, СИК, СИМС
Соработници: Останатите ОЕ

### Област: Статистичка анализа

3. Статистичка анализа и изработка на извештаи за состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување

4. Разгледување на можноста за креирање на статистичка веб алатка преку која ќе се овозможи преземање на временски серии и поголем обем на статистички податоци за анализи и на надворешни корисници

Носители: СИМС, ОИ, СФК, СИК

### Област: Оценка на ризици

5. Разгледување на анкети на пензиските друштва

Носители: КОР

## *Стратегиска цел 2 – Цел 2.4*

| | |
|---|---|
| Стратегиска цел 2 | **Унапредување и одржување на стабилно и транспарентно капитално финансирано пензиско осигурување што ја има поддршката на членството и јавноста** |
| **Цел 2.4** | Унапредување на квалитетот на информациите што се доставуваат до членовите на пензиските фондови во врска со нивните права, обврски и интереси, со цел да изгради доверба во системот и на транспарентен и ефикасен начин да ги задоволи барањата на членовите |

### Област: Грижа за членови и заштита на потрошувачи

1. Развивање систем за претставки од членовите и решавање на проблемите на членовите
2. Редовно информирање на членовите за нивните права и обврски
3. Комуникација со пензиските друштва во врска со повратните одговори од членовите за зелен плик
4. Контролирање на квалитетот на разговорите со членовите од страна на одговорни лица

Носители: ООЈС, СИК, СФК, СИМС, КККР

### Област: Агенти

5. Ажурирање на програма за испит на агенти и организирање на испит за агенти
6. Регистрирање на агентите и одржување на регистарот на агенти на пензиски друштва

Носители: СИМС, СПР, ОЛПИУ, ПВПИА, КВП

### Област: Супервизија

7. Контрола на агенти на пензиски друштва и постапување против секаков вид погрешно информирање на членовите од страна на агентите на пензиските друштва
8. Контрола на материјалите и активностите за маркетинг на пензиските друштва

Носители: СИК

## *Стратегиска цел 2 – Цел 2.5*

| | |
|---|---|
| **Стратегиска цел 2** | **Унапредување и одржување на стабилно и транспарентно капитално финансирано пензиско осигурување што ја има поддршката на членството и јавноста** |
| **Цел 2.5** | Уредно одржување и ажурирање на регистерот на членови на задолжителните пензиски фондови |

### Област: Грижа за членови

1. Водење на регистар на членови на задолжителните пензиски фондови
2. Разгледување и проверка на податоците за членови на задолжителните пензиски фондови што се разменуваат со Фондот на ПИОСМ и пензиските друштва
3. Обезбедување на пондер за распределба на осигуреници во задолжителните пензиски фондови
4. Разгледување, проверка и контрола на податоците за членство во доброволните пензиски фондови што се добиваат од пензиските друштва

Носители: СИК, СИМС
Соработници: ИТ

### Област: Грижа за пензионирани членови

5. Воспоставување и водење на регистар на пензионирани членови на задолжителните пензиски фондови

Носители: СФК
Соработници: ИТ

### Област: Супервизија

6. Контрола на зачленување и премин во пензиски фондови
7. Контрола на податоците од регистарот на членови во втор и трет столб
8. Контрола на распределбата на придонесите на индивидуалните сметки на членовите во задолжителните пензиските фондови
9. Контрола на трансфер на средства меѓу пензиските фондови и од пензиските фондови

Носители: СИК, СФК
Соработници: ИТ

## *Стратегиска цел 2 – Цел 2.6*

| | |
|---|---|
| **Стратегиска цел 2** | **Унапредување и одржување на стабилно и транспарентно капитално финансирано пензиско осигурување што ја има поддршката на членството и јавноста** |
| **Цел 2.6** | Гарантирање на веродостојност и конзистентност на базата на податоци |

### Област: Грижа за членови и информациска технологија

1. Одржување на регистарот на податоци за втор и трет столб
2. Контролирање на податоците за членството во трет столб
3. Континуирана периметарска заштита со firewall, на целокупниот пристап до податоците

Носители: ИТ
Соработници: СФК и СИК

### Област: Информациска технологија

4. Бекап и чување на податоците на секундарна локација како дел од планот за континуитет
5. Редовно правење на спецификации за нови функционалности и доработки во информацискиот систем со цел негово подобрување

Носители: ИТ
Соработници: Останати ОЕ

## *Стратегиска цел 2 – Цел 2.7*

| | |
|---|---|
| **Стратегиска цел 2** | **Унапредување и одржување на стабилно и транспарентно капитално финансирано пензиско осигурување што ја има поддршката на членството и јавноста** |
| **Цел 2.7** | Обезбедување на услови за непречено спроведување на исплата на пензии и пензиски надоместоци на пензионираните членови и промовирање на висококвалитетни процеси поврзани со исплата на пензии и пензиски надоместоци |

### Област: Супервизија

1. Контрола на исплатата на пензии и пензиски надоместоци од пензиските фондови;
2. Спроведување на контрола на квалитетот на процедурите, овластувањата и на услугите при исплата на пензии од пензиските друштва
3. Оценка на спроведувањето на процесите на пензиските друштва согласно со законската и подзаконската регулатива
4. Оценка на спроведувањето на процесите на пензиските друштва согласно со законската и подзаконската регулатива
5. Следење и контрола на информациите кои пензиските друштва ги даваат на членовите за производите за исплата на пензии

6. Постапување по поднесени жалби за исплата на пензии и контрола на поднесените жалби за исплата на пензии во пензиските друштва

Носители: СФК

### Област: Супервизија и информациска технологија

7. Надоградување и промена на интерните процеси и информацискиот систем на МАПАС заради целосно имплементирање на фазата на исплата на пензии и пензиски надоместоци

Носители: СФК, ИТ
Соработници: Останати ОЕ

## *Стратегиска цел 3 – Цел 3.1*

| | |
|---|---|
| **Стратегиска цел 3** | **Подобрување на капацитетот во насока на зајакнување на својата супервизорска и регулаторна улога во капитално финансираното пензиско осигурување** |
| **Цел 3.1** | Постојано надградување на професионализмот и стручноста на раководниот орган и вработените |

### Област: Човечки ресурси

1. Изготвување на стратегија за развој на човечки ресурси
2. Планирање на вработувањето во МАПАС
3. Планирање и спроведување на обуки на вработените
4. Оценување на вработените и мерење на степенот на задоволство на вработените
5. Анализирање на одливот на кадар од МАПАС

Носители: СПР
Соработници: Останати ОЕ

## *Стратегиска цел 3 – Цел 3.2*

| | |
|---|---|
| **Стратегиска цел 3** | **Подобрување на капацитетот во насока на зајакнување на својата супервизорска и регулаторна улога во капитално финансираното пензиско осигурување** |
| **Цел 3.2** | Континуирано обезбедување на ефикасно управување со ризиците во работењето |

### Област: Информациска технологија

1. Активности за понатамошен развој на деловните процеси на МАПАС, поврзани со функционирањето на капитално финансираното пензиско осигурување (ажурирање и унапредување)
2. Одржување на постојните софтверски решенија за деловните процеси поврзани со капитално финансираното пензиско осигурување

Носители: ОИ
Соработници: Останати ОЕ

### Област: Управување со оперативни ризици

3. Оценување на сите деловни процеси, упатства и системи
4. Ревидирање и надоградување на деловните процеси
5. Одржување на Системот за управување со квалитет (ИСО 9001:2015) и негова ресертификација
6. Одржување на Системот за управување со безбедност на информации (ИСО 27001:2013) и негова ресертификација
7. Ажурирање на план за опоравување во случај на катастрофа и планот за континуитет во деловното работење
8. Континуирано оценување и следење на ризиците на МАПАС

Носители: ОСОЈ, ИТ, Сите ОЕ
Соработници: Останати ОЕ

## *Стратегиска цел 3 – Цел 3.3*

| Стратегиска цел 3 | **Подобрување на капацитетот во насока на зајакнување на својата супервизорска и регулаторна улога во капитално финансираното пензиско осигурување** |
|---|---|
| **Цел 3.3** | Соработување со други супервизорски тела во земјата и во странство, членување во меѓународни здруженија и применување на најновите процеси и препораки од областа на супервизијата, како и учествување во проекти организирани од надлежни институции |

### Област: Соработка и членување во здруженија

1. Разменување информации и учество на средби со супервизори и релевантни органи и институции во државата
2. Учествување на состаноци со ИОПС и други супервизори во странство
3. Комуницирање со ИОПС и со меѓународни супервизорски тела во врска со нивните искуства, промени и иновации
4. Споделување на барани податоци и информации а со цел изготвување на истражувања и студии, како и дефирнирање на практики, стандарди и принципи на ИОПС

Носители: СИМС, Сите ОЕ

### Област: Проекти

5. Учествување во проекти кои се поврзани со подобрување на функционирањето на капитално финансираното пензиско осигурување организирани од надлежни институции

Носители: Сите ОЕ

## *Стратегиска цел 3 – Цел 3.4*

| | |
|---|---|
| Стратегиска цел 3 | **Подобрување на капацитетот во насока на зајакнување на својата супервизорска и регулаторна улога во капитално финансираното пензиско осигурување** |
| **Цел 3.4** | Јакнење и одржување на својата финансиска стабилност заради ублажување на влијанијата на сите сегменти во делокругот на дејствување обезбедувајќи ефикасно управување со финансиите |

### Област: Финансиско управување

1. Анализирање на финансиските извештаи на МАПАС
2. Ревидирање на надоместоците што ги наплатува МАПАС
3. Истражување на начинот на финансирање кај супервизори и регулатори дома и во странство во држави со слични пензиски системи
4. Предложување на измена на одредбите од закон со кои се регулира финансирањето на МАПАС
5. Сметководствено евидентирање на трансакциите поврзани со извршувањето на функциите и задачите на МАПАС и финансиско известување

Носители: САФП, СИМС, СПР
Соработници: Останати ОЕ

## *Стратегиска цел 3 – Цел 3.5*

| | |
|---|---|
| Стратегиска цел 3 | **Подобрување на капацитетот во насока на зајакнување на својата супервизорска и регулаторна улога во капитално финансираното пензиско осигурување** |
| Цел 3.5 | ***Унапредување на своето управување, планирање, транспарентност и општествена одговорност*** |

### Област: Внатрешна организација и планирање

1. Анализирање на ефикасноста и ефективноста во извршувањето на функциите на МАПАС
2. Статегиско планирање, следење и евалуација на остварувањата и целите
3. Годишно планирање на работењето, финансиските средства и јавните набавки на МАПАС
4. Известување за работењето на МАПАС

Носители: ГФА, СИМС, САФП, СПР, ГСП
Соработници: Останати ОЕ

### Област: Човечки ресурси

5. Изготвување и донесување на нови или изменети интерни акти и други документи за работењето на МАПАС

Носители: СПР

## Област: Заштита на лични податоци

6. Активности за обезбедување на заштита на лични податоци

## Област: Општествена одговорност

7. Планирање и спроведување на активности за унапредување на комуникацијата, општествената одговорност и заштита на животната средина

Носители: Сите ОЕ

## Област: Внатрешна ревизија

8. Планирање, организирање и спроведување на внатрешни ревизии

Носители: ВР

## Област: Односи со јавност

9. Објавување и споделување на информации и податоци во врска со работењето на МАПАС
10. Активности поврзани со слободен пристап до информации од јавен карактер

Носители: ООЈС
Соработници: Останати ОЕ

## Предвидени средства за реализација на активностите на МАПАС

Активностите од Годишната програма за работа на МАПАС е предвидено да се финансираат од сопствените приходи што МАПАС ќе ги реализира во текот на 2022 година, согласно одредбите за финансирање на МАПАС, пропишани со  член 56 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Проценетите приходи и расходи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се презентирани во Годишниот финансиски план за 2022 година, со образложение за висината на планираните приходи и расходи.

## Завршна одредба

Оваа програма влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето на огласната табла и на веб-страницата на МАПАС.

Претседател на Советот на експерти,

Максуд Али